# Media Release

## Отворени номинациите за врвните мултикултурни почести на Нов Јужен Велс

**Среда, 12 август 2026**

Владата на Нов Јужен Велс повикува на поднесување номинации за медали и за ставање на Почесната листа на мултикултурната заедница за 2027 година. Престижните награди ги слават луѓето и организациите од цел Нов Јужен Велс кои даваат извонреден придонес во мултикултурното општество на Нов Јужен Велс.

Медалите на мултикултурна заедница ги препознаваат поединците и организациите кои создаваат позитивни промени преку лидерство во заедницата, волонтирање, застапување, давање услуги и иницијативи кои поттикнуваат припадност, инклузивност и разбирање меѓу културите. Мултикултурната почесна листа постхумно им оддава признание на достигнувањата и наследството на лидери од различни потекла.

Имињата на добитниците на медали во 13 категории и личностите на Почесната листа ќе бидат објавени на Премиерската Вечера на хармонијата во 2027 година, годишен настан посветен на славење на мултикултурализмот и луѓето низ Нов Јужен Велс кои го прават успешен.

Категориите за номинации вклучуваат:

- **Медал за доживотна општествена служба –** признание за 30 или повеќе години општествена служба во доселеничката заедница
- **Медал за толкувачи и преведувачи –** признание за достигнувањата на толкувач или преведувач
- **Медал за поддршка на мултикултурна младина –** за програми кои поддржуваат деца од училишна возраст од различни потекла
- **Медал за регионално единство –** за придонеси за економската, социјалната и културната благосостојба и единство на регионалната заедница
- **Спортски медал –** за поединец или спортски код кој промовирал разбирање меѓу културите преку спортот
- **Најдобар извештај во мултикултурни медиуми –** признание за извонредност во новинарството за мултикултурни медиуми
- **Мултикултурна публикација на годината –** за извонредна мултикултурна медиумска публикација

Номинации се примаат до недела, 20 септември. За повеќе информации или за номинирање на поединец или организација која дала извонреден придонес за хармонијата во Нов Јужен Велс, видете на: multicultural.nsw.gov.au/multicultural-community-medals/

**Министерот за мултикултурализам на Нов Јужен Велс, Steve Kamper, изјави:**

"Нов Јужен Велс има горда историја на културна разновидност поради луѓето кои ги обединуваат нашите заедници секој ден.

"Медалите за мултикултурна заедница се признавање на тивките создавачи, лидери на заедницата и организации чија посветеност помага да се изгради поинклузивен, поврзан и хармоничен Нов Јужен Велс.

"Ако познавате некој кој прави вистинска разлика, без разлика дали поддржува новопристигнати заедници, ги урива јазичните бариери или ги обединува луѓето преку спортот, ве повикувам да го номинирате, за неговиот/нејзиниот придонес да биде препознаен."

**Вршителот на должноста извршен директор на Multicultural NSW, James Jegasothy, изјави:**

"Секоја година, медалите за мултикултурна заедница ги истакнуваат приказните за оние што неуморно работат за своите заедници.

"Ги охрабрувам сите кои познаваат некој што навистина се истакнува зад сцената и чија посветеност и служба заслужуваат признание, да го номинираат за награда."

**Добитникот на Медалот за регионално единство за 2026 година, Gargi Ganguly (спонзориран од My Guardian Group) изјави:**

"Добивањето на Медал за мултикултурна заедница потврди дека работата што се одвива во регионална Австралија е важна.

"Овие награди се за препознавање на позитивното влијание што може да го има општествената служба и за осветлување на безброј луѓе кои своето време го посветуваат на подобрувањето на животите на други луѓе.

"Ако некој тивко гради врски, поддржува семејства, е ментор на млади луѓе, создава можности или им помага на заедниците да се чувствуваат повеќе поврзани, тогаш неговиот/нејзиниот придонес заслужува да биде признат. Неговата/нејзината приказна може да инспирира и некој друг да направи разлика."